## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 73 став 3 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА СТОЧАРСТВОТО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за одобрување на институција од областа на сточарството.

**Член 2**

Барањето за одобрување на институција од областа на сточарството се поднесува на образец, на хартија во бела боја во А-4 формат.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, вид на институција од областа на сточарството, назив на институцијата-подносител на барањето, адреса и седиште на институцијата- подносител на барањето, ЕМБС на институцијата, име и презиме на одговорното лице во институцијата, контакт телефон, датум и место на поднесување на барањето, потпис на подносителот на барањето и место за печат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/16).

Бр.14-3924/4

14 април 2016 година

Скопје

Министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство,

м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог

ДО
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

## Б А Р А Њ Е

за одобрување на институција од областа на сточарството

- ☐ **станица за тестирање**
- ☐ **центар за производство на семе**
- ☐ **станица за осеменување**
- ☐ **одгледувалиште на пчелни матици**
- ☐ **институција за собирање, добивање и пресадување на ембриони**
- ☐ **место за парење**

од

________________________________________________________________

(назив на институцијата-подносител на барањето)

________________________________________________________________

(адреса и седиште на институцијата -подносител на барањето)

со _____________________________________

(ЕМБС на институцијата)

________________________________________________________________

(име и презиме на одговорното лице во институцијата)

___________________________________

(контакт телефон)

Датум и место                                        Подносител на барањето

___________________        _____________________________________________

с.р.

М.П.